# ОДГОВОР

## на забелешки од Нацрт извештајот за извршената ревизија на успешност – Ефикасност на државните инспекторати на РМ

На Нацрт извештајот за извршената ревизија на успешност – Ефикасност на државните инспекторати на РМ добиени се забелешки од директорот на Државниот инспекторат за транспорт под број 35-37/2 од 16.01.2013 година, заведени во Државниот завод за ревизија под број 21– 12/30 од 21.01.2013 година и од директорот на Државниот инспекторат за техничка инспекција под број 18-32/2 од 21.01.2013 година, заведени во Државниот завод за ревизија под број 21– 12/31 од 23.01.2013 година.

Нацрт извештајот до субјектите е доставен на 02.01.2013 година и се однесува на извршена ревизија на успешност - Ефикасност на државните инспекторати на РМ.

Забелешките се разгледани од страна на ревизорскиот тим и е оценето дека не содржат елементи за измена или дополнување на состојбите искажани во Нацрт извештајот при што по истите е констатирано следново:

1. Забелешката која е добиена од страна на Државниот инспекторат за транспорт, а која се однесува за организацијата, надлежностите и активностите на ДИТпорт дадени во делот Основни податоци од Нацрт Извештајот **не се прифаќа**. Согласно на член 85 од Законот за превоз на опасни материи во патниот и железничкиот сообраќај, инспекцискиот надзор над извршувањето на прописите од овој закон го врши ДИТпорт преку државни инспектори за патен и железнички сообракај и овластени лица од МТВ. Со оглед на тоа што периодот кој го опфативме со нашата ревизија за прашањата кои се однесуваат на ризичните подрачја како и други прашања поврзани со поставената цел на ревизијата на успешност е дефиниран на 2009-2011 година, надлежност за извршување на надзор врз спроведувањето на одредби од Законот за поштенски услуги до 09.12.2010 година, освен Агенцијата за поштенски сообраќај имало и МТВ, чиј орган во состав е и ДИТпорт. Оваа надлежност на ДИТпорт е наведена и на веб страната на МТВ во делот Органи во состав ДИТпорт.

2. Забелешката на ревизорскиот наод во **точка 4.5.** од Нацрт ревизорскиот извештај добиена од страна на Државниот инспекторат за техничка инспекција која се однесува на констатирани пропусти и непреземање на

казнени мерки пропишани во Законот за минерални суровини, **не се прифаќа** поради следното:

- искажаното во Нацрт извештајот се однесува за извршен инспекциски надзор врз Киро Ќучук АД Велес на ден 30.03.2011 година односно 9 месеци пред извршениот вонреден (а не контролен како што е наведено во примените забелешки) инспекциски надзор кој е наведен во примените забелешки по Нацрт извештајот. Од страна на ДИТИ не е обезбеден доказ за причините поради кои не се преземени казнени мерки по записникот од 30.03.2011 година согласно на Законот за минерални суровини, во ситуација кога од страна на инспекторот е утврдено дека е извршено отстапување на концесијата на друг правен субјект без добиена согласност од надлежниот орган
- во врска со концесијата за експлоатација на минерални суровини одобрена на фирмата Хрис компани, со анализа на склучениот Договор за деловна соработка (на кој се повикува ДИТИ во забелешките по Нацрт извештајот) помеѓу наведената фирма и фирмата Хрисанама, утврдивме дека од страна на Хрис компани е извршен пренос на сите права и обврски од експлоатацијата на минералните суровини на фирмата Хрисанама. На овој начин фактички е извршен пренос на концесијата за експлоатација на минерални суровини, што инспекторот на ДИТИ не го санкционирал согласно на одредбите од Законот за минерални суровини.
- и покрај констатираните недостатоци кои можат да ја доведат во опасност безбедноста на вработените во рудниците Злетово утврдени со записник бр. 18-1379/1 од 28.07.2011 и Балкан Марбле Индустриес во записник бр.18-681/1 од 07.04.2011, ДИТИ не презема казнени мерки против прекршителите кои се предвидени во Законот за минерални суровини. Со добиените забелешки не беше доставен доказ кој би влијаел врз промена на констатациите во наодот.